Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
7/2013
Датум на објавување:
11.1.13

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 40 став (10) од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11 и 80/12) министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината на образецот и начинот на водење на регистарот за вршење на општокорисна работа.

## Член 2

Регистарот за вршење на општокорисна работа (во понатамошниот текст:регистарот) се води во форма на книга со димензии 42x30 см изработена од тврди корици и нумерирани внатрешни страни кои се меѓусебно поврзани, во бела боја.

На предната страна од корицата на регистарот отпечатен е назив "РЕГИСТАР ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА".

Внатрешните страни на регистарот содржат: реден број, име и презиме со единствен матичен број на лицето кое вршело општокорисна работа, ден и час на отпочнување на општокорисната работа, ден и час на завршување на општокорисната работа, вкупно работни часови на извршена општокорисна работа и број и датум на издадена потврда за извршена општокорисна работа.

Формата и содржината на регистарот се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Регистарот се води во пишана или електронска форма за секоја година посебно.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-24334
26 декември 2012 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески** , с.р.

**ПРИЛОГ**

# РЕГИСТАР ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

| Реден број | Име и презиме со единствен матичен број на лицето кое вршело општокорисна работа | Ден и час на отпочнување на општокорисната работа | Ден и час на завршување на општокорисната работа | Вкупно работни часови на извршена општокорисна работа | Број и датум на издадена потврда за извршена општокорисна работа |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |